БР. 11 година I ноември 2010

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА



- **ВЕСТИ**
- **АНАЛИЗА**
  Доброто однесување во земјите од Западен Балкан низ призмата на Европската комисија
- **ЈАВНИ НАБАВКИ**
  Транспарентност на податоците и документите во јавните набавки
- **КОРУПЦИЈА**
  Антикорупциската кампања на Бугарија падна на суд

# За месечникот

**Центарот за граѓански комуникации е основан во април 2005 година, како невладино, непартиско и непрофитно здружение на граѓани. Веќе пет години секојдневно работиме на намалување на просторот за корупција во Македонија и на промовирање на принципите на „доброто владеење“, и на централно и на локално ниво.**

**Фокусирани сме на спроведување на два вида меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.**

**Во текот на секојдневното работење, ние и експертите со кои соработуваме доаѓаме до многубројни информации за корупциски и антикорупциски практики кај нас и во земјите од регионот и светот.**

**Со објавувањето на овој месечник за антикорупција и „добро владеење“ сакаме да ги поделиме тие информации со пошироката јавност, пред сè со претставниците на јавната администрација за кои сметаме дека се и најодговорни за борба против корупцијата и за воспоставување и почитување на принципите на „доброто владеење“.**

**Истовремено, нудиме и експертски анализи кои можат да послужат како извори на идеи и примери за подобрување на сегашната состојба со корупцијата во Македонија.**

**Отворени сме и сакаме да ни ги испраќате вашите мислења, идеи и ставови за антикорупциски теми и за практики на „доброто владеење“, но и да ни посочите на коруптивни практики и воопшто на постоење на простор за корупција. Тоа ќе ни послужи како основа за натамошно артикулирање на тие практики и проблеми, но и како помош при спроведување на нашите идни антикорупциски активности.**

**Корупцијата е едно од најголемите зла во Македонија, која ги уназадува развојот и напредокот на економијата, општеството и на луѓето кои живеат во него, ги нарушува конкуренцијата и слободното дејствување на фирмите на пазарот, го оневозможува владеење на вистинските вредности во животот и во работата, ги принудува младите и образовани луѓе да ја напуштаат земјава и овозможува незаконски бенефиции и богатење на државни функционери на сметка на осиромашување на другите луѓе и на уништување и злоупотреба на јавните добра.**

**Затоа, посочувајќи на корупциските практики и нудејќи идеи, добри примери и решенија од земјава и од странство, сметаме дека овој месечен билтен во крајна линија ќе придонесе за намалување на корупцијата во земјава и за унапредување на „доброто владеење“.**

**Месечникот се издава во рамки на годишната програма на Центарот за граѓански комуникации, која е поддржана од Програмата “CIVICA Mobilitas” а имплементирана од Центарот за Институционален Развој (ЦИРа) и е финансирана од Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (SDC), претставена од Швајцарската Канцеларија за Соработка во Македонија, за што сме им искрено благодарни.**

**center@ccc.org.mk**

**ISSN 1857-7075**

**Центар за граѓански комуникации**
**Бул. Кочо Рацин 26/1-2, 1000 Скопје**
**тел. (02) 3213 513**
**www.ccc.org.mk**

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

**Уредувачки одбор:** Герман Филков, Сабина Факиќ, Елена Ристевска, Ана Петрушева

**Лектор:**
м-р Татјана Б. Ефтимоска

**Подготовка и печат:**
Винсент Графика

**Тираж:**
200 примероци

“Оваа публикација беше овозможена во рамките на програмата CIVICA Mobilitas - имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC”.

## ВО ОВОЈ БРОЈ

Поранешен министер за одбрана и пратеник на владејачката партија во Хрватска и поранешен потпретседател на САД се под истрага за корупција, едниот за наводна нелегална јавна набавка, а другиот за давање поткуп на нигериски државјанин за бизнис со природен гас. Во исто време, хрватскиот претседател одликуваше неколкумина храбри граѓани кои биле подготвени да ги ризикуваат своите животи во борбата против корупцијата и организираниот криминал.

Во Бугарија, пак, спротивна состојба. Анализата на новинарката Борјана Џамбазова укажува дека поради невнимателната работа на полицијата и поради стравот на судиите од луѓето кои ги судат – многу луѓе судени за криминал и корупција излегуваат слободни. Поради тоа, заклучува анализата, антикорупциската кампања на Бугарија падна на суд.

Во минатиот број од месечникот ги пренесовме оценките на Европската комисија за антикорупциската политика и за јавните набавки во Македонија, на кои Унијата укажа во последниот Извештај за напредокот на земјава на патот кон полноправно членство во ЕУ. Во овој број, нашата постојана соработничка и една од најистакнатите антикорупциски експерти во земјава, Вања Михајлова, прави споредба на оценките на Европската комисија по овие прашања за останатите земји од Западниот Балкан.

Оценките за нивото на корупцијата и мерките коишто се преземаат за нејзино намалување се неповолни за сите земји. Корупцијата сѐ уште претставува рак-рана за овој регион. Генерална констатација е дека корупцијата сѐ уште постои на високо ниво и дека властите не покажуваат вистинска политичка волја за нејзино уништување, иако одделни земји покажуваат подобри резултати, особено во процесирањето на коруптивните случаи на високо ниво. Бројни слабости, нетранспарентност и несоодветна примена на легислативата се констатирани и во областа на јавните набавки.

Во продолжение, се осврнуваме на еден многу важен проблем во сферата на јавните набавки кај нас – достапност на документите за јавни набавки. Дали тие може да се направат јавно достапни? Ако може, тогаш кој, кога и што може да добие? Дали податоците и документите може да се добијат само на увид или документот, седно дали во оригинал или како фотокопија, може да им биде даден на заинтересираните страни? Овие и други прашања поврзани со оваа проблематика ги анализира експертот за јавни набавки, Дарко Јаневски.

Тој заклучува дека – доколку одреден понудувач бара увид во документите кои се составен дел од понудите на конкурентите, може и треба да му биде овозможен таквиот увид.

И со овој број од месечникот се надеваме дека допираме теми од значење во вашата работа, кои ќе ве поттикнат на размислување и на делување во насока на поголема транспарентност и одговорност во работењето.




БР. 11 година I

# МАК

МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

## СОДРЖИНА

4 ВЕСТИ

6 АНАЛИЗА
Доброто однесување во земјите од Западен Балкан низ призмата на Европската комисија

11 ЈАВНИ НАБАВКИ
Транспарентност на податоците и документите во јавните набавки

14 КОРУПЦИЈА
Антикорупциската кампања на Бугарија падна на суд



## ПОРАНЕШЕН ХРВАТСКИ МИНИСТЕР ПРИТВОРЕН ПОРАДИ КОРУПЦИЈА

ЗАГРЕБ, Хрватска – Поранешен хрватски министер за одбрана беше прогласен за виновен за корупција на почетокот од декември и осуден на казна затвор од четири години за купување на преценети воени камиони. Берислав Рончевиќ, кој сега е пратеник на водечката партија, е еден од најмалку дузината повисоки функционери и бизнисмени кои се гонат за мито последниве месеци, како дел од обидот на владата да докаже дека е сериозна околу отстранувањето на корупцијата на повисоките нивоа додека работи на заслужување на членството во Европската Унија.

Во Окружниот суд во Загреб, судијката Јасна Смилјаниќ пресуди дека Рончевиќ работел во интерес на фирма за камиони – наместо во интерес на државата – кога ја одобрил набавката на камионите во 2004 година, што биле за 10,4 милиони куни (1,4 милиони евра) поскапи отколку другите понудени на тендерот. Смилјаниќ пресуди дека Рончевиќ и неговиот помошник, кој доби двегодишна затворска казна, треба да ги вратат парите. „Даночните обврзници очекуваат државните функционери да работат во интерес на граѓаните, а не да купуваат поскапи наместо поевтини камиони “, рече Смилјаниќ.

Рончевиќ отфрли каква и да е вина и изјави дека ќе ја обжали пресудата. Тој претходно тврдеше дека бил советуван дека само поскапите камиони ги задоволувале стандардите на НАТО. Хрватска ѝ се придружи на Алијансата минатата година.

Во 2004 година, Рончевиќ и Иво Бачиќ, кој беше негов асистент, поништија меѓународен тендер за набавка на 76 камиони за војската, бидејќи вкупната цена понудена од наддавачите била превисока. Двајцата ја одобриле набавката надвор од тендерот на 39 камиони од компанија со седиште во Загреб, Еурокамион. На судењето, стручен сведок тврдеше дека друга фирма нудела слични камиони за пониска цена. Судијката Смилјаниќ изјави дека Рончевиќ не делувал за сопствена корист, но „сторил сѐ“ за корист на компанијата. Останува нејасно дали Рончевиќ или неговата партија на крајот профитирале од зделката.

Во Хрватска е раширено верувањето дека кога една компанија е фаворизирана во некоја бизнис-зделка, таа му дава мито на функционерот, на одделот или на партијата кои го овозможиле тоа.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ОДЛИКУВАШЕ ТРОЈЦА ХРВАТИ ЗА БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА



(Croatian Times) - Хрватскиот претседател Иво Јосиповиќ им го додели на тројца Хрвати орденот „Стјепан Радиќ“ за нивната храброст во борбата против корупцијата. Претседателот на државата ќе ги одликува Душан Милјуш, Игор Раценовиќ и Ружа Томашиќ за време на церемонијата по повод Денот на антикорупцијата, кој се одбележува во светски рамки на 9 декември. На сите тројца ќе им биде оддадено признание за нивните напори кои, во одреден момент, ги направиле цел на криминалците. Милјуш беше нападнат пред две ипол години. Извршителите на нападот сѐ уште не се фатени, пишува дневниот весник.

Милјуш се надева дека наградата ќе ѝ даде нов поттик на потрагата по неговите напаѓачи. Во случаите кога не се изведуваат пред лицето на правдата, „криминалците се чувствуваат посилни и позаштитени“, додаде тој.

Наградата им оддава признание на сите оние кои се подготвени да си го ризикуваат животот во нивната борба против корупцијата и организираниот криминал, без оглед на нивните професии.

## АГЕНЦИЈА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА ПОДНЕСЕ ОБВИНЕНИЕ ПРОТИВ ЧЕЈНИ

Комисијата за економски и финансиски криминал (EFCC) поднесе обвинение за корупција од 16 точки против поранешниот американски потпретседател, Дик Чејни, раководител на фирма за снабдување со нафта, Halliburton, како и против осум други лица во Високиот суд на главниот град на Федерацијата, Абуџа.

Портпаролот на комисијата, Феми Бабафеми, изјави дека „не биле поднесени обвиненија само против Дик Чејни, туку против вкупно деветмина“. Тој одби да потврди дали агенцијата ќе објави потерница за апсење на инволвираните од страна на Интерпол. „Не сакам да шпекулирам за тоа.




Она што можам да го потврдам е дека ќе поднесеме обвиненија против деветмина денес и каков и да е чекор што ќе го преземеме, ќе биде преземен кога случајот ќе продолжи во судница“, рече тој.

Чејни беше обвинет заедно со Halliburton INC, Halliburton Nigeria Limited, Kellogg, Brown & Root Inc (Kbr), Алберт „Џек“ Стенли (поранешен извршен директор на KBR), Вилијам Ут (главен извршен директор на KBR), Дејвид Лесар (извршен директор на Halliburton), TSKJ Nigeria Limited и конзорциумот TSKJ за наводна шема за поткупување на нигериски функционери уште во раните деведесетти години. Фирмата за инженерство со седиште во Хјустон, KBR, поранешна единица на Halliburton, се изјасни за виновна минатата година за обвиненијата во САД дека им платила 180 милиони долари поткуп на нигериски функционери помеѓу 1994 и 2004 година, за да обезбеди 6 милијарди долари вредни договори за проектот за течен природен гас на Бони Ајленд во делтата на реката Нигер.

Иако двете компании се разделија во 2007 година, KBR и Halliburton, која едно време беше предводена од господин Чејни, постигна спогодба вредна 579 милиони долари во Соединетите Држави. Дел од обвинението против деветтемина беше дека тие, во периодот меѓу 1994 и 2005 година, учествувале во заговор со Snamprogetti Netherland, Technicap S.A. и Japan Gasoline Corporation, за извршување на следново кривично дело: давање на сумата од 132 милиони долари на извесен Џефри Теслер (моментално во бегство) и други, со цел поткуп на државни службеници задолжени за доделување на договорот за проектите за течен природен гас во Нигерија (Bonny LNG), и со тоа сториле прекршок според член 96(1)(а) од казнениот закон CAP LFN (Абуџа) 1990 година. Ниеден од Нигеријците вмешани во скандалот со поткуп не е кривично гонет.

Оперативците на Комисијата за економски и финансиски криминал на 24 ноември 2010 година спроведоа рација, при што 12 луѓе беа уапсени на Викторија Ајленд, канцеларијата на Halliburton на Лагос. Зборувајќи за рацијата, господинот Бабафери изјави дека таа била резултат на нови откритија во истрагата за наводните коруптивни практики на американските фирми за снабдување со нафта.



Вања Михајлова, антикорупциски експерт

# ДОБРОТО ОДНЕСУВАЊЕ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН НИЗ ПРИЗМАТА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

Последниве недели главната расправа во земјите од Западен Балкан се водеше околу извештаите на Европската комисија за напредокот на овие земји кон исполнување на критериумите за придружување кон европското семејство. Копјата се кршеа околу тоа дали земјата напредува или назадува во приближувањето кон Унијата. Вакви контрадикторни оценки особено беа изразени во Македонија. Притоа, се игнорира фактот дека оценките во Извештајот (кои се грижливо дипломатски спакувани) значат само патоказ за наредните чекори коишто треба да се преземат заради примена на стандардите на ЕУ и првенствено се наменети за граѓаните од Унијата. За разлика од нас, во другите, особено во понапредните земји од регионот, ваквите сигнали се сфатени во нивната вистинска смисла и наместо еуфорични изјави на властите колку биле успешни во спроведување на бараните реформи, вниманието се насочува кон она што е недоволно добро со цел да се поправи во наредниот период. А, еве што констатира Европската комисија во делот на ‚доброто однесување‘, што се смета за еден од клучните предуслови за функционирање на демократијата и кој ги опфаќа областите на јавната администрација, антикорупциската политика и јавните набавки.



Белград, автор Денис Бартхел

## Јавна администрација

Генерална оценка на ЕК по однос на усогласувањето на легислативата со онаа на ЕУ е дека се преземени одредени мерки, но сепак се детектирани и големи слабости во функционирањето на администрацијата. Забелешките главно се фокусирани врз имплементација на принципите, правилата и стандардите вградени со самото законодавство.

На Хрватска – која е најнапредна од сите земји и фактички е пред вратите на ЕУ, ѝ се забележува ограничен прогрес и нецелосна правна рамка за градење на модерна и професионална државна администрација. Од земјата се бара усвојување и имплементација на правни акти со кои треба да се воспостават механизми за систем на унапредување и за наградување на државните службеници според резултатите од работењето (т.н. мерит-систем), забрзување на процесот на деполитизација и привлекување на квалификуван персонал. Се препорачува посилна политичка волја и поблиска координација помеѓу надлежните субјекти на централно, регионално и локално ниво.

Во оценката за Косово се вели дека реформите на јавната администрација остануваат голем предизвик за земјата и дека јавната администрација останува слаба. Воспоставувањето на професионална, одговорна, пристапна, репрезентативна и ефикасна јавна администрација која ќе осигури давање ефективни јавни услуги, се препорачува да биде прашање од највисок политички интерес за властите.

За Албанија, Комисијата оценува дека правната рамка за системот на државна администрација главно е на линија со европските стандарди и практики, но загрижува несоодветната имплементација на легислативата. Јавната администрација се оценува дека е високо политизирана и недостасува транспарентност при именувањето лица на високи позиции.

За Босна и Херцеговина, ЕК констатира мал прогрес кај реформите во оваа област, а државната адми-

нистрација останува високо политизирана. Комисијата бара транспарентни постапки за вработување врз база на мерит-систем, на модерен развој на кариерата и професионализација. Нема напредок по однос на лимитирање на улогата на политичките врски со јавната администрација. Мал напредок во менаџирањето во државната администрација е забележан во Република Српска, а недостига и хармонизирање на легислативата на државната администрација низ целата земја.

ЕК оценува мал напредок во Србија во однос на реформите во оваа област. Генерално се оценува дека капацитетите на јавната администрација се добри, но дека реформите се бавни. Од земјата се бара да ги подобри рамките на легислативата и поголем ангажман за почитување на мандатот на независните регулаторни тела.

За разлика од сите овие земји, просторот што ЕК го посвети во својот извештај на оценка на реформите во јавната администрација во Македонија е многу поголем. Тоа може да се должи на фактот што земјата е кандидат за приклучување кон ЕУ веќе 5 години и како таква, од неа се бара да преземе поефикасни реформи и усогласување со европските стандарди, но и на незадоволството од состојбата на статус кво или дури и на влошување. Така, се оценува дека е постигнат делумен напредок, пред сè, од законодавен аспект, а политичката и функционалната одговорност за управување со јавната администрација останува фрагментирана. Се забележува дека постапката на вработување според Законот за државни службеници не гарантира дека тоа ќе се врши според мерит-системот, дека нема приправнички стаж, а унапредувањето не е јасно поврзано со оценувањата на вработените. Селекцијата за вработување на државните службеници се врши нетранспарентно и не е заснована врз мерит-системот, а е оставен доволен простор за дискрециски права за одлучување при изборот. За ЕК посебно „загрижува политизацијата на државната администрација, заменувањето на обучени професионалци со лица со ограничено искуство во рамките на неколку институции и дека високи раководни позиции се пополнети, во недостиг на критериуми за именување, понекогаш и со кадар ангажиран со договор за привремено вработување“. Во оваа насока се и оценките (кои ги нема кај другите земји) дека привремените вработувања не се во согласност со законски пропишаните постапки кои гарантираат избор врз основа на транспарентност и мерит-систем, а на голем број од овие лица подоцна ваквиот статус им се трансформира на неопределено време, што во најголем број случаи не обезбедува постапка што е отворена, транспарентна и заснована врз мерит-системот. Забелешки има и за вработувањата според Рамковниот договор, при што се оценува дека „ангажирањето на голем број вработени лица од немнозинските заедници се врши врз квантитативна основа, без да соодветствува на потребите на институциите во поглед на потребната обука и квалификации“ и дека вработувањата се подложни на несоодветни влијанија.

## Антикорупциска политика

Оценките за нивото на корупцијата и мерките коишто се преземаат за нејзино намалување се неповолни за сите земји. Корупцијата сè уште претставува рак-рана за овој регион. Генерална констатација е дека корупцијата сè уште постои на високо ниво и дека властите не покажуваат вистинска политичка волја за нејзино уништување, иако одделни земји покажуваат подобри резултати, особено во процесирањето на коруптивните случаи на високо ниво.

Така, за Хрватска се оценува дека е постигнат добар напредок во борбата против корупцијата. Покрај усвојувањето и подобрувањето на потребната легислатива и програми против корупцијата, подобрена е целокупната координација на антикорупциските напори. ЕК оценува дека антикорупциското тело УСКОК продолжува активно да делува и да процесира бројни случаи на корупција, да истражува корупциски случаи во кои се вклучени високи функционери и директори на јавни претпријатија. Сепак, се оценува дека корупцијата сè уште преовладува во многу области, а од земјата се бара зајакнување на административните капацитети на надлежните органи за борба против корупцијата. Се укажува дека „недостига култура на политичка одговорност за корупциските случаи и дека има мал прогрес во превенцијата на корупцијата, ограничен прогрес во превенцијата на судирот на интереси, а нема подобрување при примената на легислативата за слободен пристап до информации“. Во целина, санкциите за непочитување на овие прописи се мали. ЕК не е задоволна од нетранспарентноста и контролата при финансирањето на политичките активности и изборните кампањи.

Во Извештајот за Црна Гора, позитивно е оценето усвојувањето на правните и функционални рамки потребни за борба против корупцијата, но се изразува загриженост од недоволното функционирање на органите на прогонот, особено во борбата против организираниот криминал. Оценката и за оваа земја е дека корупцијата останува да преовладува во многу области и претставува особено сериозен проблем, а антикорупциската легислатива неконзистентно се применува. Детектирани се битни слабости кај правната рамка за спречување на судирот на интереси и за финансирањето на политичките партии и изборните кампањи. Не постои конзистентна внатрешна контрола за мониторинг на ко-

рупцијата и осигурување на одговорноста поради непочитување на владеењето на правото во рамките на државните органи. Ова особено се однесува на даночната и царинската администрација, полицијата, судството и локалната самоуправа. Од земјата се бара да покаже силна политичка волја за борба против корупцијата.



Загреб, автор Даниел Николич

Оценките за Косово се дека е постигнат одреден напредок по однос на усвојување на потребната легислатива, но се укажува на неусогласеност на законот за финансирање на политичките партии со европските стандарди. Сериозни забелешки има за неможноста на јавноста да има увид во имотната состојба на функционерите, што „индицира широко распространета корупција на високо ниво“ во оваа земја. Се забележува дека отсуствуваат јавни дебати или истраги за корупција од надлежните органи поради недостиг од политичка волја, а обврската за имплементација на антикорупциските стратегии и закони е лимитирана. Најголема загриженост, според ЕК, предизвикува работата на јавниот сектор, јавните набавки, судството и органите на прогонот. Не постојат механизми за истрага, обвинување и пресуди кои ќе осигураат транспарентност за статусот на корупцијата. Соработката помеѓу органите за борба против корупцијата е неефикасна и резултира со неконзистентна примена на легислативата, стратегиите и акциските планови. Слабости се детектирани и кај Законот за спречување на судирот на интереси по однос на почитувањето на обврските кои произлегуваат од овој акт. ЕК оценува мал напредок во борбата против корупцијата. Сепак, корупцијата останува да преовладува во многу области и сè уште претставува сериозна загриженост.

За Албанија се оценува дека реформите остануваат некомплетни и постојат битни недостатоци по однос на независноста, транспарентноста и одговорноста на судскиот систем, како и по однос на ефикасната борба против корупцијата. Земјата воспоставила правни и административни рамки за борба против корупцијата, но наспроти тоа, корупцијата преовладува во многу области и претставува сериозен проблем. Особено загрижува корупцијата во судството и широко распространетиот поткуп во здравствениот сектор. Се укажува на нетранспарентност при финансирањето на политичките партии и на несоодветно влијание врз политиките, што претставува значаен проблем. Се бара земјата да покаже солидни знаци за проактивна истрага и обвинение, како и пресуди за корупциските случаи.

Оценките за Босна и Херцеговина се дека е направен ограничен напредок во спречување на корупцијата, која е широко распространета во јавниот и во приватниот сектор, во судството, во даночната и во царинската администрација, во јавните набавки и во приватизацијата. И покрај изречените санкции од Централната изборна комисија, пријавувањето на имотната состојба на политичките партии е врз доброволна основа. Не постојат ефикасна истрага, обвиненија и пресуди за корупциските случаи на високо ниво. Се потенцира дека земјата започнала со сузбивање на корупцијата со донесување на антикорупциска стратегија и акциски план и дека биле преземени одредени мерки за спречување на корупцијата (кампањи за зголемување на свеста и обуки), но дека корупцијата преовладува во многу области и останува сериозен проблем ширум јавниот и приватниот сектор.

За Србија, ЕК оценува дека имплементацијата на акцискиот план е бавна. Констатиран е мал напредок во истрагите и обвиненијата за коруптивни случаи, додека бројот на правосилни пресуди останува на ниско ниво, особено за случаите во кои се инволвирани лица на високо ниво. Се укажува на отсуство од нова легислатива за финансирање на политичките партии, на поголема транспарентност и поголема контрола. Јавните набавки, процедурите за приватизација и јавните трошоци продолжуваат да предизвикуваат сериозна загриженост, бидејќи земјата сè уште не осигурала независна контрола. Корупцијата останува да преовладува и продолжува да биде сериозен проблем. Потребни се зајакнување на антикорупциската агенција и натамошни напори за истрага и обвинувања за корупциските случаи на високо ниво.

За Македонија се констатирани недостатоци во спроведувањето на правната рамка за антикорупција и неконзистентна судска практика во случаите со корупција. Забелешки има за малиот број на случаи каде што има утврдено конфликт на интереси и за кои се преземени одредени активности, дека недостига конзистентна евиденција за проверка на имотните листови на именуваните и избрани лица, кои како и изјавите за интерес, се тајни и не се проверуваат. Законот за пристап до информации од јавен карактер не содржи јасни одредби за достапноста на содржината од јавните договори, што придонесува за различни толкувања во рамките на администрацијата. Се забележува отсуство на резултати при спроведувањето на законодавството за финансирање на политичките партии и изборните кампањи и при изрекувањето санкции за непочитување на законот од страна на контролните органи, а трошењето на јавните пари не е транспарентно. Оценките за работата на ДКСК соодветствуваат со оние од минатите години. „Стратешкиот план за односи со јавноста на ДКСК не даде забележливи резултати, јавната доверба во независноста и непристрасноста на ДКСК сè уште е на релативно ниско ниво и Комисијата има повеќе реактивен отколку проактивен пристап“. Забелешки се лоцирани и кај Министерството за правда, во однос на отсуство на доволни капацитети за координација при следење на политиките за антикорупција на техничко ниво. Се забележува што не е извршено сеопфатно истражување за утврдување на степенот и природата на корупцијата во јавниот сектор и на недоволно развиениот статистички систем за следење на политиките за антикорупција. Генерална оценка е дека има одреден напредок во спроведувањето на антикорупциската политика, но се констатира дека корупцијата е распространета во многу области и продолжува да претставува сериозен проблем.

## Јавни набавки

И во оваа област се констатирани бројни слабости, нетранспарентност и несоодветна примена на легислативата. За Хрватска се оценува дека е направен добар напредок по однос на генералните принципи и усвојувањето на легислативата, а забележан е напредок и во институционалните капацитети на Секторот за јавни набавки, по однос на транспарентноста и размената на информации меѓу надлежните органи со формирање на Централно тело за јавни набавки при Владата. Подобрени се капацитетите на сите чинители заради координација и примена на политиката за јавни набавки. ЕК оценува дека е постигнат добар напредок при склучувањето на договорите за јавни набавки и обуката на персоналот вклучен во овие постапки, но посочува кон недоволна одговорност и транспарентност при извршувањето на договорите за јавни набавки. Напредок е констатиран и во делот на правните лекови и со донесувањето на нов закон за државна комисија за контрола на процедурите за јавни набавки, иако се посочува кон неефикасност во системот на правна заштита од страна на Управниот суд.

За најмладата држава во Европа – Косово, ЕК забележува ограничен напредок во јавните набавки. Се оценува дека лицата вклучени во процесот на јавните набавки се во неповолна позиција и се предмет на закани на координирани механизми на главните играчи во постапките на јавните набавки. Од земјата се бара зајакнување на капацитетите и преземање ефикасни мерки за намалување на обемот на корупција. Се упатува кон потребата од воспоставување одговорност за процесот на јавни набавки не само од лицата директно вклучени во овој процес, туку и за нивните претпоставени на административно и политичко ниво. За подобрување на состојбите во оваа област, ЕК од земјата бара зајакнување на мониторингот и следење на активностите на јавните набавки, вклучувајќи и такви активности кои ќе осигурат дека препораките на контролните органи се имплементираат и дека надлежните лица се одговорни за своите активности.

Во Извештајот за Албанија, ЕК нема посебен осврт на јавните набавки. Во оценките и препораките за подобрување на состојбите во делот за економските критериуми, се укажува на потребата од преземање дополнителни напори за усогласување на легислативата и за ефикасна имплементација на



Тирана, автор Нбумбиц

среднорочен период, покрај другото, и во областа на јавните набавки.

За Црна Гора, ЕК само оценува дека постои загриженост околу контролата врз јавните набавки, без да се впушти во поопсежна анализа на состојбите во оваа област.

Што се однесува на Босна и Херцеговина, констатиран е ограничен напредок. Легислативата е усогласена, но се забележува на отсуство на систематско објавување на огласите за јавни набавки во електронска форма на веб-страницата на Агенцијата за јавни набавки. Системот на добивање концесии е ранлив поради различната легислатива во земјата. Се забележува дека многу концесии и договори за јавно-приватно партнерство продолжуваат да се склучуваат нетранспарентно и без овозможување на конкуренција, а не постојат процедури за вршење на независна контрола. Капацитетите на договорните органи да постапуваат според законот се недоволни, а малата поддршка од централните институции за јавни набавки и економските оператори неповолно влијае врз ефикасна имплементација на легислативата. Гледано низ призмата на ЕК, генерално подготовките во областа на јавните набавки остануваат на почетно скалило. Како и во другите земји, се оценува дека Законот за јавни набавки ги исполнува стандардите по однос на транспарентност на постапките, но изостанува конзистентна практична примена на одредбите за превенција и откривање на нерегуларностите во процесот.

За Србија, ЕК оценува дека е постигнат мал напредок. Позитивен сигнал е дека во октомври 2010 година се именувани членовите на Комисијата за заштита на правата на понудувачите, но од друга страна, како слаби се оценети административните капацитети на органите за јавни набавки, посебно на Одделението за јавните набавки во Министерството за финансии. Како недоволно ефикасни и слаби се оценети и механизмите за координација меѓу главните актери во системот на јавните набавки, посебно во однос на намалување на обемот на корупција во оваа област. За стратегијата за ажурирање на системот на јавните набавки се цени дека останува на почетно ниво, што резултира со неефикасност во користењето на јавните пари. Неопходни се битни напори за зајакнување на капацитетите за имплементирање на стандардите на ЕУ на ова поле.

За Македонија, ЕК констатира дека е постигнат мал напредок во однос на општите принципи, дека сè уште недостигаат статистички податоци за случаите на корупција во врска со јавните набавки кои се во постапка пред судовите. Се потврдуваат наодите од мониторингот на НВО секторот во врска со поништувањето на постапките за јавни набавки, со оценката дека „продолжува трендот на откажување и неуспех на тендерите“. Сè уште е недоволна



Сараево, автор Асим Лед

свесноста во врска со судирот на интересите, етиката и антикорупцијата во постапките за набавки.“ Во овој контекст се укажува на недоволниот капацитетот на надлежниот сектор за давање концесии при Министерството за економија за справување со широко опсежните проекти, а како недоволна се оценува и соработката со другите институции кои се вклучени во системот за јавни набавки. Одреден напредок е констатиран кај транспарентноста во доделувањето на јавни договори. Сепак, како недоволна е оценета свесноста на договорните органи во врска со критериумот ‚економски најповолна понуда‘. Оценка што загрижува е дека „често работите се започнати, па дури и завршени пред да се распише односниот тендер“. Не помалку сериозни се и забелешките дека „Државниот завод за ревизија открива сериозни нерегуларности во постапките за јавни набавки, но Јавното обвинителство во повеќето случаи воочува само мали пропусти“ и дека Законот за концесии и другите видови на јавно-приватно партнерство за ЕК не е усогласен со европските стандарди. Како добра се оценува работата на Државната комисија по жалби за јавни набавки, а од земјата се бара значително да го подобри системот на правни лекови.

Врз основа на изнесеното, може да се заклучи дека на земјите од Западен Балкан им претстои многу работа и демонстрирање вистинска политичка волја за практична примена на доброто однесување во вистинска смисла на зборот и во согласност со европските стандарди.

Дарко Јаневски, експерт за јавни набавки

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ И ДОКУМЕНТИТЕ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ



Дали може да се обзнанат (да се направат јавно достапни) документите и податоците од јавните набавки? Ако може, тогаш кој, кога и што може да добие? Дали податоците и документите може да се добијат само на увид или документот, сеедно дали во оригинал или како фотокопија, може да им биде даден на заинтересираните страни? Побаравме официјално увид во понудите на другите понудувачи, но не ни беше дозволен под образложение дека не сме имале такво право.

Ова се дел од бројните прашања и коментари кои често (си) ги поставуваат учесниците во постапките за јавни набавки. Прашањата не доаѓаат само од лица кои штотуку започнале да работат во областа на јавните набавки, туку и од лица кои со години работат и добро ги познаваат и секојдневно ги применуваат правилата за јавни набавки. Ако добро го познаваат законот, тогаш каде е проблемот? Како и со многу други закони, проблемот е во различните толкувања.

## Објавување огласи за нови постапки и известувања за склучени договори или поништени постапки

Проблемот со објавување податоци поврзани со огласот и пред сè, известувањето за склучен договор или поништена постапка се чини дека е целосно решено, како законски, така и практично. Законот за јавни набавки во тој дел е многу јасен и утврдува прецизни правила и рокови кога и како треба да се објавуваат огласите и известувањата. За жал, честопати во практиката, овие јасни одредби и обврски не се применуваа од страна на договорните органи и притоа нивното непочитување не беше санкционирано, затоа што законот не предвидува санкции. Ќе требаше да се прибегне кон постапка за изменување и дополнување на законот, ама тоа одзема време и повторно немаше гаранција дека доследно ќе бидат применети.

Но, онаму каде што затајува законот, успева технологијата. Имено, Бирото за јавни набавки го конфигурираше електронскиот систем за јавни набавки на начин што не им дозволи објавување нови огла-

си на оние договорни органи кои не ги исполниле обврските и роковите за објавување на известување за склучен договор или поништена постапка. Резултат од примената на оваа технолошка мерка – на договорните органи им гореше под нозе од итноста да објават нов оглас за јавна набавка, па за само неколку часа ги објавија сите известувања за склучени договори и поништени постапки, за кои претходно со месеци, а во некои случаи и години, не можеа да објават податоци. На тој начин, на пошироката јавност ѝ станаа достапни овие, во суштина базични податоци.

Од овие причини, во продолжение ќе се обидам да ги анализирам неколкуте членови од законот кои зборуваат за можноста за пристап на економските оператори до документи и податоци од понудите, како помалку јасен дел, а сепак од голем интерес.

## Пристап до документите откако постапката ќе биде обжалена

Ќе почнам од помалку спорните прашања. Членот 223 ѝ дава право на секоја странка во жалбената постапка да ги разгледа списите од предметот. Се разбира, услов е постапката да биде обжалена. Што се подразбира под списи од предметот и што спаѓа во нив? Со законот се бара целокупната документација од обжалената постапка, вклучително и понудите, да ѝ се достави на Државната комисија за жалби за да го оформи и да работи врз предметот. Значи, во списите на предметот влегуваат сите документите од досието на постапката, но и целокупната понатамошна преписка (жалба, одговор на жалба...).

Заклучок: на понудувачот кој се жалел мора да му се овозможи увид во документите од избраната понуда, како и од останатите понуди, но и во извештајот од постапката. Но, какво фајде за понудувачите ако дури во овој стадиум за првпат добиле пристап до понудите и извештајот? Во ситуација кога најчесто добиеното известување за донесена одлука и самата одлука се прилично штури и не даваат детална претстава како се евалуирани и бодувани понудите, понудувачот кој не бил избран не може да состави и да поднесе добро аргументирана и образложена жалба. За тоа му се потребни податоци кои се содржани во понудите и извештајот, а до нив нема пристап во моментот кога ја составува и ја вложува жалбата. Освен што е задоцнет, пристапот до документите во текот на жалбената постапка не е бесплатен! За жалбата се наплаќа солиден надомест кој изнесува од 100 до 400 евра во зависност од вредноста на понудата.

## Дали доверливоста на понудите е пречка за увид во документите?

Доаѓаме до клучното прашање – дали законот овозможува пред истекот на рокот за вложување жалба да се добие увид во документите од понудата на останатите понудувачи? Токму тука е најголемата нејаснотија, која вообичаено во практиката најчесто се решава со одбивање на секое барање за увид.

Зошто се одбиваат барањата и по која основа? Во членот 25 од законот е наведено дека податоците кои понудувачот ги означил како доверливи (деловни тајни или права од интелектуална сопственост) треба да бидат третирани како такви и соодветно заштитени. Никој, освен Комисијата за јавни набавки, која ги евалуира понудите, и евентуално Државната комисија за жалби и други органи кои имаат законска надлежност за ревизија и контрола врз работењето на договорниот орган, не може да имаат пристап до нив. Но, тоа не значи дека целата содржина на понудата и придружната документација е од доверлив карактер! Исто така, неколку членови од законот со кои се регулираат конкретни видови постапки предвидуваат зачувување на доверливоста на понудата и нејзино неоткривање кон останатите понудувачи за целото времетраење на постапката. Поточно, сè додека траат преговорите (постапка со преговарање и конкурентен дијалог) и сè до моментот на донесување на одлуката. Оттука, по аналогија, може да се донесе заклучок дека не се бара обезбедување тајност и доверливост на понудите по донесувањето на одлуката!

Заклучок – доколку одреден понудувач бара увид во документите кои се составен дел од понудите на конкурентите може и треба да му биде овозможен таквиот увид.



## Примена на законското начело на транспарентност во јавните набавки

Конечно, има уште еден, речиси целосно занемарен, пристап кон читање на законот, кој доколку се примени, повторно ќе се дојде до горенаведениот заклучок. Модерниот стил на пишување на законите вклучува наведување на целите кои треба да ги постигне законот или, пак, основните начела врз кои се заснова областа која се регулира. Многу често на овие цели и начела се гледа како на декларативни одредби, без никаква практична сила и примена. Повеќе како на нешто што треба да ги пополнува учебниците по право и да се изучува на академско ниво, отколку со некоја практична вредност. Но, случајот не е ваков во други правни системи, како што е на пример правниот систем на Европската Унија, кон кој се стреми) законодавството на РМ.

Имено, регулативите и директивите на ЕУ задолжително содржат рецитали (еден вид преамбула) и многу често содржат и основни начела и цели на актот. Кога во практиката ќе се појават одредени спорови пред Европскиот суд на правдата во кои се наведува дека се прекршени прописите на ЕУ, судиите честопати решението на спорот не можат да го пронајдат во одредбите на прописот со кои суштински се уредува материјата. Во такви ситуации тие прибегнуваат кон разгледување/анализа на рециталите (зошто било потребно да се донесе прописот), целите кои треба да ги постигне прописот и основните начела врз кои се темели областа. Сумирано, ако не се јасни одредбите дали треба да се постапи вака или онака, тогаш се пресудува тргнувајќи од тоа кои се целите и начелата што треба да се промовираат и да се постигнат.

Едно од основните начела во областа на јавните набавки е начелото на транспарентност (член 2 од Законот за јавните набавки). Ако постојат недоумици дали треба да ѝ се дозволи увид и пристап до одреден документ на страна која има интерес (друг понудувач во конкретната постапка), тогаш треба да се примени начелото на транспарентност. Следствено на тоа, документот треба да се даде на увид/да се направи достапен на страната. Не треба секогаш да се посегнува по измена на законот или да се критикуваат законските решенија како недоречени, нејасни... нема совршени закони ниту кај нас, ниту пак во многу правни системи со далеку подолга традиција. Треба да се применуваат законите во согласност со духот кој провејува во нив. Не значи дека транспарентноста треба секаде и секогаш, без пардон, да се применува во постапките за јавни набавки.



Треба да се тргне од тоа дали, доколку се примени начелото на транспарентност, ќе се предизвика некаква штета. Во конкретниот случај се поставува прашањето која би била можната штета за останатите учесниците во постапката (за понудувачите или за самиот орган) и за општеството во целина? Штета нема, туку напротив, од примената на ова начело сите засегнати страни може да извлечат корист.

Од една страна, интересот на економските оператори е што ќе имаат основа за аргументирана и издржана жалба и на тој начин, не ќе може да се дозволи незаконски избор на понудувач или поништување на постапката. Но, од друга страна, увидот може да ги расколеба во вложувањето жалба и во утврдувањето дека евалуацијата и бодувањето се правилно извршени. Токму оваа последна причина е од интерес и на договорниот орган, за тој да овозможи увид. На тој начин, самиот тој ќе се осигура дека целата постапка за набавка нема да се одолговлечи со непотребно поднесување жалби и ќе добие еден вид „надворешна верификација“ дека правилно постапил. Конечно, општествениот интерес ќе биде задоволен затоа што се овозможило транспарентност во целата постапка и правилно одлучување при трошењето на буџетските средства.

Од Борјана Џамбазова, Софија

# АНТИКОРУПЦИСКАТА КАМПАЊА НА БУГАРИЈА ПАДНА НА СУД

*Невнимателната работа на полицијата – како и стравот на судиите од луѓето кои ги судат – се некои од причините зошто толку многу наводни криминалци се изведени пред суд, но потоа излегуваат слободни.*

На 17 ноември, поранешниот министер за одбрана на Бугарија излезе од судот со задоволен израз на лицето. Обвинителите сакаа да го стават Никола Цонев зад решетки четири ипол години, за наводно осиромашување на земјата за 8 милиони лева (4 милиони евра) преку потпишување неповолни зделки за испорачување на воена опрема. Софискиот Основен суд одлучи поинаку и го прогласи за невин.

Поздравувајќи ја пресудата, Цонев ги посоветува сите Бугари да имаат верба во судскиот систем на земјата.

Истиот ден, Асен Друмев, друг поранешен висок функционер, исто така имаше причини за славење. Софискиот Апелациски суд само што ја укинал четиригодишната затворска казна изречена од софискиот Основен суд во март оваа година, за злоупотреба на европските фондови додека бил директор на Државниот земјоделски фонд.

Двете пресуди се само најсвежите примери за бранот ослободителни пресуди на функционери обвинети за сериозни криминални дела и изведени пред суд како дел од кампањата на Бугарија против државната корупција.

Претходно овој месец, окружен суд во Ќустендил пресуди дека двајца локални бизнисмени, Пламен Галев и Ангел Христов, познати како браќата Галеви, се невини во врска со обвинувањата за предводење на организирана криминална банда вмешана во уцени и рекет.

Додека централно-десничарската влада – со едното око свртено кон Брисел – тврди дека ја добива битката против митото и корумпираноста, локалните набљудувачи го тврдат спротивното.

Тие гледаат на серијата ослободителни пресуди во неколкуте случаи во кои се вклучени високи функционери како на доказ дека Бугарија сè



Бугарија, автор Каладан

уште се бори да се справи со проблем кој ја оцрни нејзината репутација во Европската Унија.

Тихомир Безлов од Центарот за проучување на демократијата со седиште во Софија не е изненаден од епилогот на судењата. „Секогаш се очекуваа проблеми во повеќето од овие случаи“,изјави за Balkan Insight, забележувајќи дека мал број случаи на корупција во последните дваесетина години завршиле со затворски пресуди.

Белзов ја фрла вината за недостигот на такви пресуди врз хроничните проблеми кои со децении ја измачуваат полицијата, истражителите, обвинителите и судовите во Бугарија.

Од една страна, вели тој, премногу мал број на полицајци и обвинители си ја извршуваат работата прописно. Од друга страна, судиите ја користат секоја правна дупка во законот за да ги поштедат високите функционери – криминалци од затвор, плашејќи се за сопствената безбедност.

Статистичките податоци обелоденети од министерот за внатрешни работи, Цветан Цветанов, се депресивно четиво. Од списокот кој именува 223 шефови на подземјето, само четиринаесетмина

биле осудени, призна тој. Дополнителни педесетина биле уапсени, дванаесетмина се во домашен притвор, а четворица се во бегство.

И покрај неимпресивните податоци, Цветанов се пофали дека Владата постигнала напредок. „Ние се справуваме со организираниот криминал и одиме во вистинската насока во борбата против него“, изјави тој.

Приклучувањето кон Европската Унија во 2007 година не се покажа како доволен стимул властите да се нафрлат врз проблемот. Пред две години, Брисел задржа стотици милиони евра помош од европските фондови. Во моментов внимателно ги надгледува напорите на Софија да ја подобри работата на судството и на полицијата и да ги приближи кон европските стандарди.

Сепак, културата на земање мито останува ендемска во земјата која сега се оценува како една од најлошите корупциски црни точки во регионот. Соочена со притисок од Брисел и со цел да ја промени ситуацијата, владата на Бојко Борисов вети дека ќе ги заостри мерките против корупцијата и организираниот криминал кога дојде на власт, пред скоро осумнаесет месеци. Брисел ја пофали обновената кампања на Софија против корупцијата и организираниот криминал во неговиот последен извештај, објавен во јули, но во извештајот Европската комисија изразува загриженост за недостигот на судски пресуди.

Владимир Шопов, политички аналитичар, го гледа недостигот на стручност како еден од главните фактори што ги поткопуваат напорите на Бугарија да ги испрати криминалците и корумпираните функционери во затвор. „На властите им недостига стручност за да се справат со случаите во кои се обвинети високи функционери, кои се обично многу сложени“, изјави тој за Balkan Insight. Истрагите се изведуваат набрзина и се спроведуваат лошо, така што многу од овие случаи потоа паѓаат на суд“, додаде тој.



Бугарија, автор Тодор Божинов

Но, за слабите резултати на кампањата против митото, Шопов исто така за одговорно го смета и судството подложно на мито. „Додека полицијата и истражителите не успеваат да соберат доволно докази кои можат да држат на суд, во Бугарија никогаш не можете да ја елиминирате можноста за корупцијата во рамките на судскиот систем“,наведе тој.

Експертите спорат дека фаќањето на високи функционери во полициската мрежа и филмските апсења, кои станаа препознатлив печат на владината кампања за чистка, не се доволни за да ги изведат криминалците и корумпираните функционери пред лицето на правдата. „Ако идејата е да се покаже колку е активна владата, тоа има само привремен ефект бидејќи на тоа се гледа како на театар“, изјави Ива Пушкарова, професор по кривично право на Софискиот универзитет. „Имиџот на оваа влада е премногу зависен од успехот на борбата против организираниот криминал и корупцијата, така што не може да ги планира и да ги изведува операциите доволно внимателно бидејќи е под огромен притисок да прикаже моментални резултати“, предупреди Шопов.

Во меѓувреме, судењата против наводните шефови на организираниот криминал и истакнати функционери станаа извор на постојан конфликт меѓу владата и судството.

Владата го обвини судството за поткопување на нејзините напори да го заузда организираниот криминал и корупција. Од своја страна, пак, судиите се жалат дека полицијата и обвинителите премногу често не успеваат да ги докажат своите случаи пред судот.

Додека Ива Пушкарова го гледа таквиот јавен притисок врз судството како „опасен“, бидејќи може да влијае врз работата на судот во случаите кои вклучуваат високи функционери, Безлов гледа попозитивно на јавното мислење, односно како на алатка која има потенцијал да ја промени работата на судовите кон подобро. „Проблемот со недостигот од пресуди е толку акутен и неподнослив, што многу скоро притисокот на јавноста – и тука, и во меѓународни рамки – ќе ги принуди да донесат пресуди“, изјави тој. „Токму ова се случува во Италија, каде што долго време немаше пресуди против шефовите на мафијата“, додава тој. „Тогаш, во еден момент, судовите едноставно почнаа да изрекуваат пресуди поради притисокот на јавноста.“

## За Центарот за граѓански комуникации

Центарот за граѓански комуникации е невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани чија главна мисија е да ја подобрува и развива комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Македонија за процесите од поширока општествена важност, како и да ги набљудува, анализира и унапредува општествено-политичките и економските процеси во земјата, пред сè од областа на антикорупцијата, локалната самоуправа и економскиот развој.
Центарот за граѓански комуникации ја остварува својата мисија преку организирање и спроведување на истражувања, анализи, мониторинзи, обуки, семинари и трибини, како и издавање извештаи, публикации и прирачници за работа.
Во своето петгодишно дејствување, Центарот за граѓански комуникации ја фокусира својата работа врз две групи на меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.
Позначајни активности кои се спроведени или се спроведуваат во оваа насока се:

Проект за транспарентно локално владеење (2009-2012)
Проектот развива механизми за зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на локалните самоуправи во Македонија, поттикнување на поголемо учество на граѓаните и на локалната бизнис заедница во процесот на одлучување во локалните самоуправи и размена на најдобри практики и искуства меѓу опшините како во земјава така и во регионот. Проектните активности ќе придонесат кон намалување на нивото на корупција во локалните заедници и кон засилување на довербата на граѓаните и бизнис претставниците во локалните власти. Проектот се спроведува во партнерство со невладините организации ЕХО од Штип и НВО Инфо-центар од Скопје, а е финаниски поддржан од УСАИД Македонија.

Мониторинг на јавните набавки на централно и на локално ниво (2008-2010)
Проектот го анализира спроведувањето на процедурите и системот на јавни набавки во земјава во светло на новиот Закон за јавни набавки, а од аспект на транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства при јавните набавки. Се следат и анализираат 160 случајно избрани постапки за јавни набавки годишно, преку директно следење на отворањето на понудите, длабочински интервјуа со понудувачите и со органите кои ги распишуваат набавките, прибирање информации од Бирото за јавни набавки и од другите вклучени институции. Резултатите од мониторингот вклучуваат и препораки за унапредување на процесот на јавни набавки. Проектот е финансиски поддржан од ФИООМ.

Засилување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата (2008-2009)
Проектот ги унапредува новинарските стандарди за истражување и известување за корупцијата и го засилува капацитетот на медиумите за остварување на нивната улога во борбата против корупцијата. Појдовна основа е длабочинска анализа за начинот на кој македонските медиуми известуваат за коруцијата и за детектирање на главните слабости во тоа известување. Врз таа основа се извлекуваат препораки за унпаредување на новинарските стандарди, чие спроведување се обезбедува преку тренинг на 12 истражувачки новинари од водечките медиуми во земјава. Со овие активности се надминува еден од главните проблеми детектирани во Државната стратегија за намалување на корупцијата – несоодветно покривање на корупцијата од страна на медиумите. Проектот е финансиски поддржан од УСАИД Македонија.

Мерки за намалување на корупцијата во Македонија (2007-2008)
Откако со првата фаза од проектот беа утврдени најранливите области на корупција во Македонија, преку овој проект се создадени и препорачани вкупно 156 конкретни мерки кои треба да се преземат од властите за да се стесни просторот за корупција. Проектот вклучуваше споредба со најдобрите практики во другите земји, серија работилници на кои експерти и претставници на заинтересираните страни дискутираа и предлагаа начини како да се намали просторот за корупција, приоритетизација на мерките и нивно испраќање до надлежните институции и медиумите и следење на нивното спроведување. Голем дел од мерките беа преземени, особено оние кои се однесуваа на давање независност на второстепената Државна комисија за жалби по јавни набавки која од капата на Владата се пресели во Парламентот, стекнување на независен правен статус на Бирото за јавни набавки, кое од капата на Министерството за финансии стана независен орган и сл. Проектот е финансиски поддржан од Balkan Trust for Democracy.

Намалување на корупцијата: Размена на искуства и добри практики во истражувачкото новинарство меѓу новинари од Македонија и Романија (2008-2009)
Во партнерство во Романскиот центар за истражувачко новинарство, 10 истражувачки новинари од Македонија се обучени од водечки тренери за истражувачко новинарство од Романија за напредните техники на истражувачкото новинарство. По обуката, новинарите престојуваа во романски медиуми каде заедно со свои колеги од Романија работеа на истражувачки приказни кои потоа ги објавија во своите медиуми во Македонија. Проектот резултираше со формирање на мрежа на истражувачки новинари во рамките на Центарот за граѓански комуникации. Проектот е финансиски поддржан од програмата Исток-Исток.

Серија обуки за новинари од локални медиуми за истражувачко новинарство и за известување за локалната власт (2008)
Центарот спроведе 4 регионални обуки за триесеттина новинари од локалните медиуми за унапредување на нивните способности и капацитети за истражување и известување за работата на локалната самоуправа во светло на зголемените ингеренции на локалната власт, а со тоа и зголемената улога на локалните медиуми за известување за прашања од интерес на граѓаните во општините. Проектот резултираше и со изработка на Водич за новинарско известување за претставници на локалните медиуми во Македонија. Проектот е финансиски поддржан од програмата за локална самоуправа на УСАИД Македонија.

Освен ова, Центарот за граѓански комуникации во изминатиот период објави серија Извештаи за корупцијата во Македонија (2005 и 2006), преку поддршка од Balkan Trust for Democracy, обучи цели новинарски редакции од 16 локални телевизии од земјава за известување за прашања од локален интерес, преку поддршка од Амбасадата на САД во Македонија, учествуваше во работниот тим експерти кои ја создадоа тригодишната државна стратегија за борба против корупцијата, во комисијата за доделување на наградите за добро владеење во Македонија и др.